Архивски број: 08-128/1
22-01-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-703/1 од 14.11.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, против Министерство за образование и наука, за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, во областа на образование, наука и спорт и пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на национална или етничка припадност во областа на образование, наука и спорт и пристап до добра и услуги сторена од страна на Министерството за образование и наука врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-703/1 од 14.11.2024 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на образование, наука и спорт и пристап до добра и услуги, од страна на Министерството за образование и наука.

Подносителката во претставката истакнува дека при аплицирањето на конкурсот за стипендии за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето, категоризирани како втора група на студентски стипендии, објавен од страна на Министерството за образование и наука на следниот линк https://e-uslugi.mon.gov.mk/#/published/1579/apply, пополнувајќи ја пријавата воочила дека во полето каде што пријавениот кандидат за стипендија треба да ја наведе својата „припадност“, биле ставени опции за само 7 етнички заедници (Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци), без притоа да постои можноста да се избери друга заедница на која подносителката ѝ припаѓа. Оттука, во продолжение на претставката е наведено дека поради фактот што рокот за поднесување на пријава за стипендија бил до 15 ноември, таа била принудена да се изјасни како припадник на етничка заедница за која не се чувствува дека ѝ припаѓа.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 6.12.2024 година испрати Известување бр. 08-703/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за образование и наука.

На ден 25.12.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за образование и наука, како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-703/3.

Во произнесувањето, Министерството за образование и наука ја известува Комисијата дека извршиле проверка на системот за аплицирање за студентски стипендии, при што било утврдено дека грешката во полето за избор на етничка припадност било резултат на

ненамерен технички пропуст. Во врска со ова, наведено е дека Министерството се извинува доколку нивното дејствување предизвикало било какви непријатности или негативни чувства, при што наведуваат дека ваквиот пропуст не бил сторен со таква намера.

Оттука, во произнесувањето е наведено дека МОН ќе ги преземе сите неопходни мерки и активности во конкурсите кои следуваат со цел да се обезбеди целосно почитување на правата на сите ученици и студенти. Дополнително, наведено е дека ќе бидат вклучени сите релевантни опции за етничка припадност, со цел да се избегнат слични ситуации и да се гарантира еднаквост и правичност за сите во процесите на остварување на правата на учениците и студентите.

Оттука, земајќи ги предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за образование и наука врз [redacted]

Согласно член 2 од Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделувањето на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија:

*„За студентска стипендија (во натамошниот текст: стипендија) може да конкурира редовен студент запишан на додипломски студии од прв циклус на универзитетите и високообразовните установи во Република Северна Македонија, согласно објавениот Конкурс за доделување на студентски стипендии на редовните студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на универзитетите и високообразовните установи во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Конкурсот).“*

Во продолжение на ова, член 3 од Правилникот гласи:

*„Студентите од член 2 од овој правилник, пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација на http://konkursi.mon.gov.mk или пополнуваат хартиена пријава и ја доставуваат потребната документација по Конкурсот во Министерството за образование и наука.“*

Согласно претходно цитираните членови, еден од начините на пријавување на Конкурсот за студентски стипендии е преку веб-страната на Министерството за образование и наука, при што постои поле за задолжително пополнување, каде е потребно кандидатите да изберат една од 7-те наведени етнички заедници, каде што кандидатите можат да изберат од следните опции: Македонци/Албанци/Турци/Роми/Власи/Срби/Бошњаци, при што не е предвидено поле со опција *„друга етничка припадност“*.

Имено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Министерството за образование и наука, во својот електронски систем за пријавување на студенти за студентски стипендии предвидени согласно Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделувањето на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија (Службен весник бр. 172/2024), недоволно опширно го уредило истиот во делот на селекција на националната или етничката припадност на кандидатите, со тоа што предвидело полиња за селекција на припадност на 7 етнички заедници во Република Северна Македонија, притоа не вклучувајќи опција за граѓаните кои се идентификуваат со некоја од другите малцински етнички заедници. Следствено на ова, вака предвидените полиња за избор ги оневозможуваат кандидатите кои припаѓаат на некоја друга етничка заедница од наведените 7 да можат истото тоа да го селектираат или пак наведат на пријавата за

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROITJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

стипендија, доведувајќи ги во ситуација да направат задолжителен избор дека се припадници на некоја од седумте наведени етнички заедници. Оттука, Комисијата утврди дека вака утврдената фактичка состојба претставува директна дискриминација врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Дополнително на ова, во конкретниот случај се утврдува директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Имајќи ја во предвид дадената фактичка состојба, Комисијата констатира дека на учениците и студентите кои не се припадници на 7-те погоре наведени етнички заедници (Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци) им е оневозможено да ја искажат сопствената етничка припадност при електронското пријавување на конкурси објавени од страна на Министерството за образование и наука, следствено на што при вака предвиденото електронско пријавување, подносителката била приморана да се изјасни како припадничка на една од 7-те енумерирани етнички заедници, имајќи го предвид фактот дека ваквиот податок на електронската пријава е задолжителен, а во моментот на поднесување на претставката не постоела опција да се избере друга етничка припадност од оние кои се наведени во електронскиот формулар.

Оттука, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на образование, наука и спорт и пристап до добра и услуги од страна на Министерството за образование и наука врз [redacted]

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука да изврши измена на предвидените опции за избор на етничка припадност во формуларот кој се пополнува при електронското пријавување на конкурси на веб страницата http://konkursi.mon.gov.mk со цел на студентите и учениците кои аплицираат на објавените конкурси да им биде овозможено да ја наведат етничката заедница на која ѝ припаѓаат при пријавувањето, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

Напомена: Доколку лицата не постапат согласно дадената препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за образование и наука, ул. „Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROITIES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk